**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

# МУЗИКАТА НА ДЈУК ЕЛИНГТОН

Ментор Кандидат

Проф.м-р Кирил Рибарски Филип Стевановски

Штип, 2013 г.

## СОДРЖИНА

**1. ОПИС И РАЗРАБОТКА НА ТЕМАТА**......................................................................................3

**1.1. МУЗИКАТА НА ДЈУК ЕЛИНГТОН** ......................................................................................3

***1.1.1 Цел на анализата***.............................................................................................5

***1.1.2 Метод на подготовка за изведбениот музички заклучок***.................................5

***1.1.3 Главни хипотези***.............................................................................................6

**ЗАКЛУЧОК**......................................................................................................................**7**

**2. ПРОГРАМА / ИЗБОР НА КОМПОЗИЦИИ ОД ОПУСОТ НА ДЈУК ЕЛИНГТОН** ........................**8**

2.1. „ВО ЕМОТИВНО РАСПОЛОЖЕНИЕ“ (IN A SENTIMENTAL MOOD) – 1931 ГОДИНА.........................8

2.2. „САТЕНСКА КУКЛА“ (SATIN DOLL) - 1953 ГОДИНА.................................................................10

2.3. „ПРОМЕНЛИВО СИНИЛО“ (MOOD INDIGO) - 1930 ГОДИНА .....................................................12

2.4. „Ц МАСКИРАН БЛУЗ“ (C JAM BLUES) - 1942 ГОДИНА.............................................................14

2.5. „НЕ ЗНАЧИ НИШТО (АКО ГО НЕМА ТОЈ РИТАМ)“ ...................................................................15

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА** ......................................................................................................**17**

## ОПИС И РАЗРАБОТКА НА ТЕМАТА

### 1.1. Музиката на Дјук Елингтон

Музиката на Едвард Кенеди Елингтон (Дјук Елингтон) претставува едно од најголемите наследства на 20-от век. Дјук Елингтон претставува симбол на Вашингтон. Неговото музичко творештво како композитор и предводник на својот оркестар, биг-бенд, претставува вистинско лидерство во џез музиката. Студената војна 60-тите и 70-тите години не го спречува да ги посети тогашните источни европски и азиски држави, почнувајќи од Советскиот Сојуз, Среден Исток, Африка, Азија и Латинска Америка. Во 1969 година, претседателот на САД Ричард Никсон му го врачува Медалот на слободата, а исто така добитник е на Пулицеровата награда, како и на 13 Греми награди.

Музиката на Дјук Елингтон има силно изградена музичка структура и трае со генерации. *"Дјук бил многу шармантен и елегантен и толку ја ценел својата публика, што кога ќе бил повикан да свири во некоја земја, тој ќе напишел композиција за таа земја. Сакал да оди и таму каде што не било пожелно да оди. Никогаш не ја етикетирал својата музика. Затоа и кажувал дека тоа не е само џез, туку американска музика",* зборува Мерцедес Елингтон, внука на Дјук Елингтон која го чува наследството на својот дедо.

Како што не ја делел публиката, не ја делел ни музиката. Во своите музички изведби ги урива расните бариери, свирејќи за црната и белата публика, што во тоа време била голема реткост. Неговата цел била преку музичкото изведување да направи интеграција на луѓето. *„Постојано компонираше, па дури и кога лежеше на смртната постела во болницата. Беше опкружен со ноти и имаше клавир под креветот"*, ќе напомне неговата внука Мерцедес Елингтон. Во својата музичка кариера има компонирано преку три илјади дела. Неговото музичко наследство и понатаму живее преку генерациите кои доаѓаат.

Четириесеттите години од 20 век се карактеристични со нова музичка насока која се одделува од џезот, позната како би-бап. Покрај Дју Елингтон, за најквалитетни музичари во оваа музика се сметаат: *саксафонистот* Чарли Паркер, *пијанистите* Бад Пауел *и* Телониус Монк, *трубачите* Дизи Гилеспи и

Клифорд Браун*, како и тапанарот* Макс Роуч*.*

Би-бап музиката помогнала џезот да се оддели од игривата и популарна музика и, што е најзначајно, да прерасне во “музика на музичарот”. Сосема поразлично од свингот, одделувајќи се од денс музиката и преминувајќи кон нова уметничка форма, но не намалувајќи ја својата популарна и комерцијална вредност. Би-бапот се карактеризира со побрзо темпо (бидејќи бил наменет за слушање, а не за играње), и нова форма на хроматизам и дисонанца. Дисонантниот тритонски интервал станува најважниот интервал во би-бап музиката кој се употребува во апстрахирана форма на импровизација со акорди кои се поткрепени со инхерентни карактеристики.

Со оваа музичка насока не само што настанува суштинска преродба во делот на главната музичка секција, туку и пратечката, тапанарската. Стилот на свирење на тапани прераснал во понеостварлив и експлозивен стил каде што рајд чинелата се користела за да го задржи временскиот интервал, додека барабанот и големиот тапан се користеле за акцентирање. Овие хармонични звуци не биле прифатени од свинг музичарите. Обично го нарекувале како стил преполн со “трки и нервозни фрази”. Веќе од 50-тите години би-бапот бил прифатен како дел од широката лексика на џезот.

Карактеристичен е историскиот момент за појава на би-бап. Тоа е историски период во кој се појавува големата светска економска криза, Втората светска војна и сите негативни реперкусии кои ги поттикнуваат воените активности. Иако џезот дава изведувачка слобода, сепак авторите бараат нешто повеќе. Тоа повеќе го овозможува би-бап музичката насока која што како стил воведува вистинска револуција во џез музиката, а воедно претставува и креација на стил на живеење.

Негувајќи го стилот, во модерните времиња, Лорен Мињар основа француски Дјук Оркестра (Duke Orchestra) составен од 15 извонредни солисти кои естетиката и вредноста на Дјук Елингтон, облагородени со модерни музички звуци, ги пренесуваат во модерното време.

### 1.1.1 Цел на анализата

Целта на оваа анализа е да се изврши сублимирање на факторите кои имаат влијание врз сите сегменти непосредно поврзани врз музичката форма, музичкиот израз и музичкиот став кој произлегува од музиката на Ѓјук Елингтон. Употребата на блуз ноти, синкопи, полиритмови и импровизации се основни елементи кои се поврзани за оваа џез музичка насока. Всушност, импровизацијата е оној основен сегмент кој ја диференцира џез музиката од класичната музика. Историските корени на џез музиката потврдуваат дека основачите, не биле образовани музичари. Спецификата на нивното музичко творештво произлегува од додавање на посебни уметнички егземплари: топлина во изведбата, лична приказна, посебно доживување во моментот на изведбата и пред сè, креативноста која никогаш не недостасувала на џез музичарите. Сето ова го синтетизира и апстрахира би-бап музиката, трансформирајќи го во музика која остава белег, но има и своја применливост до денес.

### 1.1.2 Метод на подготовка за изведбениот музички заклучок

Методот на подготовка за изведбениот музички заклучок се состои од:

- *Избор на оригинални композиции на Ѓјук Елингтон од 40-тите години, па сè до неговата смрт;*
- *Мелодиско – хармонско - ритмичка анализа на истите;*
- *Подготовка на аранжмани и насоки по кои ќе биде организирана звучната слика на изведувачкиот состав со цел да се овозможи целосна музичка перцепција.*

Изведбата ги содржи елементите кои се карактеристични за музиката на Ѓјук Елингтон. Сепак, посебно се акцентира духот на овој музички стил со цел да се запази оригиналноста и карактеристиката на музичката форма. Се тргнува од насоката која непосредно го отсликува творештвото на Ѓјук Елингтон со претставување на сите позитивни елементи кои овој вид музика ги дава на публиката, претставувајќи авангарда во временскиот период на

појавувањето и неговото непосредно поврзување со историските карактеристики за тој период.

### 1.1.3 Главни хипотези

Главните хипотези се поставуваат како хипотези кои произлегуваат од музичкиот стил карактеристичен за музиката на Дјук Елингтон. Музичката форма претрпува карактеристични промени трансформирајќи ја дотогашната музика во една нова музичка димензија и нова музичка насока која претставува револуција во изведбената модуларност.

Хипотезите се:

- *Трансформација на дотогашната музичка форма од музика за играње со музика за музичари, дефинирана со акордска прогресија и модален џез пристап во кој хармониите и мелодиите се многу посложени од дотогаш.*
- *Карактеристиките на стилска форма која овозможува поголема слобода на изведувачот од дотогашниот свинг и појава на вистинска промена која воедно го диктира и стилот на животот создавајќи основен стил на јазик на џез музичарите.*
- *Карактеристики сврзано со разновидност на фрази и интервали од изведувачите кои внесуваат елементарно подобрување на основата на музичкото изразување.*
- *Валидација на импровизацијата преку групно оркестарско соработување и конзистенција на целиот состав.*
- *Основа за воведување на основен стил на џез музиката кој се базира врз синкопираниот ритам, слободата во изведувањето, постојан ритмички импулс, флексибилност во мелодиската линија и ритмичките поставки.*

## Заклучок

Музиката на Дју Елингтон го комбинира блузот со рафиниран оркестарски звук, дефинирајќи ја својата идеја базирана врз оригинален музички јазик, имагинација и звучна естетика која слободно може да се каже дека претставува нешто повеќе од сите стилови и жанрови. Оваа имагинација овозможува конзистентност во оркестарската изведба, но и слободен израз при импровизациите. Како музичка форма претставува форма која креира авангарден стил на изведба. Секако, Дјук Елингтон претставува пионер и основоположник на оваа музичка насока, создавајќи плодна основа за футуристичка надградба низ времето. Слободниот, но организиран стил во оркестарска форма со индивидуални елементи, ритмичкиот импулс, флексибилноста во изведбата се само некои од основните елементи кои се карактеристични за би-бап музиката. Стилот се негува, опстојува, се надградува со нови форми и содржини во интерес на постојан прогрес и задоволување на основните критериуми, воздигање на музичките вештини и квалитети и пред сè, се дефинира како: *музика на музичарите*.

## 2. ПРОГРАМА / ИЗБОР НА КОМПОЗИЦИИ ОД ОПУСОТ НА ДЈУК ЕЛИНГТОН

### 2.1. „Во емотивно расположение“ (In a Sentimental Mood) – 1931 година („Во емотивно расположение“)



**„Во емотивно расположение“ (In a Sentimental Mood)** е компонирана и снимена 1931 година како инструментална композиција, а подоцна се појавува и како вокална композиција, а автори на текстот на оваа композиција се Ајрвинг Мајлс и Мени Курц (Irving Mills и Manny Kurtz).

Оваа џез балада е во основен тоналитет д-мол, а по форма е ААБА. Секој дел е составен од 8 такта. Хармонијата во А деловите се движи претежно на основните акорди на I, IV, V  стапало. На таа „статична“ хармонија се појавува доста сложена мелодија, а со тоа мелодијата прави контрапункт, или хроматско разубавување на хармонската подлога.

## 2.2. „Сатенска кукла“ (Satin Doll) - 1953 година

**(„Сатенска кукла“)**




**„Сатенска кукла“ (Satin Doll)** е една од најпознатите композиции на Дјук Елингтон, компонирана 1953 година. Како автор се јавува Дјук Елингтон, но и неговиот соработник џез пијанист и аранжер Били Стрејхорн (Billy Strayhorn).

Оваа композиција се појавува како инструментален џез стандард, но и како вокална композиција со текст на Џони Мерсер (Johnny Mercer).

Оваа композиција е снимена многупати и е се наоѓа на албумот на многу познати изведувачи како Ела Фицџералд (Ella Fitzgerald), Френк Синатра (Frank

Sinatra), 101 Сртингс (101 Strings) и многу други. Во неа се појавува невообичаена акордска прогресија II-V-I turnaround.

## 2.3. „Променливо синило“ (Mood Indigo) - 1930 година

**(„Променливо синило“)**

# Mood Indigo

BY DUKE ELLINGTON, IRVING MILLS & ALBANY BIGARD




**„Променливо синило“ (Mood Indigo)** се состои од триесет и два такта поделени на четири дела по осум такта во секој дел, компонирана од страна на Дјук Елнгтон и текстот на Ајрвинг Мајлс.

Секој дел од оваа композиција е засебен и со различна мелодија. Токму на оваа композиција Дјук Елингтон се појавува со нов стил на поставување на гласовите во инструментите.

Традиционално, до тогаш кларинетот секогаш ја водел мелодијата на врвот, трубата на средина и тромбонот најнискиот глас, но оттогаш, кларинетот ја зазема најниската мелодија, а тромбонот највисоката. Со тоа Елингтон создава нов звук – ефект “mike-tone” генерирани од страна на тромбонот и кларинетот. “Mike-ton” дава аудио илузија на присуство на четврти глас.

Оваа композиција се појавува во повеќе филмови и тоа: „Париз Блуз“ (Paris Blues, 1961), „Недопирливи“ (The Untouchables, 1987), „Картен Кол“ (Curtain call, 1999), „Котон клуб“ (The Cotton Club, 1984) и други.

### 2.4. „Ц маскиран блуз“ (C jam blues) - 1942 година

**(„Ц маскиран блуз“)**




**„Ц маскиран блуз“ (C jam blues)** е стандардна блуз форма од 12 такта. Се состои од едноставна мелодија од два тона ритмички распоредена во четири такта.

Хармонската прогресија се состои од основни стапала на Ц-дур скалата I-IV-V, а во деветиот такт се појавува заменик на IV стапало и тоа II стапало молско.

Навидум, оваа композиција изгледа многу едноставна за изведба, но Дјук во неговата снимка на оваа композиција започнува со појава на темата во еден инструмент, а подоцна истата се развива во повеќе инструменти со контрапунктска мелодија во вид на соло, каде што композицијата доживува една кулминација.

**2.5. „Не значи ништо (ако го нема тој ритам)“**
**"It Don't Mean a Thing (If It Ain't Got That Swing) - 1931 година**




**„Не значи ништо (ако го нема тој ритам)“ (It Don't Mean a Thing (If It Ain't Got That Swing)** е џез стандард во ритам на свинг, напишан во 1931 година и текст на Ајрвинг Мајлс, неговиот долгогодишен соработник. Една година подоцна, во 1932 година, е направен аудио запис на композицијата, со Оркестарот на Дјук Елингтон, а е снимена за Брунсвик Рекордс (Brunswick

Records). Првиот вокален изведувач на оваа композиција е Ајви Андерсон (Ivie Anderson).

Формата на оваа композиција е ААБА во основен тоналитет г-мол. Мелодијата во А делот е едноставна составена од квинтакорд на г-мол со минувалка на четврто стапало, но сепак ритмички синкопирана. Слично се случува и во Б делот. Целата тема се состои од синкопиран ритам со едноставна мелодија.

## Користена литература


1. „Во емотивно расположение“, издание на Џејми Ејберсолд (Jamey Aebersold)
2. „Не значи ништо (ако го нема тој ритам)“, „Сатенска кукла“ и „Променливо
3. синило“, издание на Hal. Leonard Corporation
4. „Ц маскиран блуз“, издание на Еми Робинс (Emi Robbins) и Варнер Брос
5. (Warner Bros)
6. „Louis Armstrong and Duke Ellington – The Great Summit“, CD
7. „The Duke Plays Ellington“, CD Capitol Records
8. „Duke Ellington’s Greatest Hits“, CD CBS Records